РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

# РОКОВНИК

## за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за членови на Совет на Општина Тетово за остатокот на изборниот период

## СОДРЖИНА:


1. Распишување и одржување на изборите ........................................... 2
2. Органи за спроведување на изборите ............................................... 3
3. Избирачки список и јавен увид.......................................................... 3
4. Предлагање на листи на кандидати..................................................... 6
5. Задолжителна едукација на изборни органи ..................................... 9
6. Изборна кампања ............................................................................... 10
7. Финансиски извештаи ......................................................................... 14
8. Описи на избирачки места .................................................................. 15
9. Набљудување на изборите ................................................................. 16
10. Спроведување на изборите ............................................................ 16
11. Евентуално прегласување .............................................................. 18
12. Заштита на избирачкото право ....................................................... 18

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**СКОПЈЕ**

Согласно Решението за распишување на Избори за членови на Советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период бр. 09-2869/1 од 21.06.2022 година, донесено од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, а врз основа на членовите 12 став (1), а во врска со членовите 132 став (2) и 134 став(3) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) Државната изборна комисија на седницата одржана на **21.06.2022** година, донесе:

# Р О К О В Н И К
## за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за членови на Советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период, 2022 година

## I. РАСПИШУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

I. 1. Актот за распишување на изборите го донесува претседателот на Собранието и со него се определува денот од кога почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија и денот на одржувањето на изборите. Актот за распишување на изборите се доставува до Државната изборна комисија (во натамошниот текст: ДИК), Министерството за надворешни работи (во натамошниот текст: МНР) и Министерството за правда (во натамошниот текст: МП). Актот за распишување на изборите се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**I. 2. Изборите за членови на совет на Општина Тетово за остатокот од изборниот период ќе се одржат на 20 август 2022 година (ден сабота).**

**I.3. Во рок од 10 дена** од денот на донесување на одлуката за распишување на избори, јавните фондови, јавните претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал, се должни до Државната комисија за спречување на корупција (во натамошниот текст: ДКСК) да достават податоци за бројот, видот, регистарската таблица и возната состојба на моторните возила со кои располагаат.

Податоците се доставуваат во електронска форма на образец кој на предлог на ДКСК го пропишува ДИК**, најдоцна до 30 јуни до 24,оо часот.**

ДКСК на својата веб страна го објавува Регистарот на службени моторни возила на јавните фондови, јавните претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал.

Доколку правните лица не достават податоци за бројот, видот, регистарската таблица и возната состојба на моторните возила со кои располагаат во предвидениот рок, ДКСК покренува прекршочна постапка **во рок од 15 дена од истек на рокот за доставување на податоците.**

## II. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**II.1.** ДИК ги формираше општинските изборни комисии (во натамошниот текст: ОИК) согласно член 32 од Изборниот законик (во натамошниот текст: ИЗ), односно по истекот на мандатот на претходната комисија.

ОИК ги формираше избирачките одбори (во натамошниот текст: ИО).

ДИК ги дополнува ОИК со нови членови и заменици на место на членовите и замениците на кои по разни основи им престанал мандатот во комисиите. Одлуките со кои се формираат односно дополнуваат ОИК се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОИК ги дополнува ИО со нови членови и заменици на место на членовите и замениците на кои по разни основи им престанал мандатот.

**II.2.** ОИК доставува барање до политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови и политичките партии на власт, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, да достават предлози за членови на ИО и нивни заменици, заради формирање на ИО.**(најдоцна до 3 август)**

**II.3.** Политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови и политичките партии на власт, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, предлозите за членови на ИО и нивните заменици ги доставуваат до ОИК **во рок од пет дена од денот на добивањето на известувањето**. (член 38 став (7) и (8)). **(најдоцна до 8 август)**

## III.ИЗБИРАЧКИ СПИСОК И ЈАВЕН УВИД

**III.1.** ДИК по распишувањето на изборите, доставува до Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст: МВР) барање за доставување на податоци за граѓаните, согласно член 43 став (1 и 4) и член 45 став (1) и (2) од Изборниот законик**.**

**III.2.** МВР, бараните податоци за граѓаните од член 43 став 1 и член 45 став (1) и (2) од Изборниот законик, ги доставува до ДИК во рок од 48 часа од денот на распишувањето на изборите, на магнетен медиум, кои задолжително го содржат единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ).

III.3. ДИК најдоцна 15 дена од денот на распишувањето на изборите, Избирачкиот список го става на јавен увид во своите подрачни одделенија и канцеларии. Јавниот увид трае 20 дена (член 49 став (1) и (4)).

| | |
|---|---|
| **Јавниот увид започнува** | **1 јули** |
| **Јавниот увид трае до** | **20 јули, 24:00 часот** |

**III.4.** Граѓаните, барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците во изводите на Избирачкиот список што е ставен на јавен увид ги поднесуваат писмено до подрачното одделение на ДИК или подрачната канцеларија на подрачјето на живеење (за Општина Тетово во подрачно одделение Тетово), или по електронска пошта до Државната изборна комисија. Со барањето се приложуваат и потребните докази. Барањата за запишување, дополнување или бришење на податоци во Избирачкиот список се поднесуваат во периодот **од 1 јули до 20 јули**.

**III.5.** Управите на казнено - поправните установи за време на јавниот увид им овозможуваат на лицата кои се во притвор или се наоѓаат на извршување казна затвор да извршат увид во избирачкиот список. Барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците во посебните изводи од Избирачкиот список за време на јавниот увид, државјаните на Република Северна Македонија кои се во притвор или се наоѓаат на извршување казна затвор го поднесуваат преку органот надлежен за извршување на санкциите до ДИК (член 50-б), **од 1 јули до 20 јули.**

**III.6.** ДИК по барањата и пријавите на граѓаните е должна да одлучи со решение во рок од 24 часа од денот на приемот на барањето. (член 51 став (1)).

**III.7.** Против решението со кое се одбива барањето, граѓанинот во рок од 24 часа од приемот на решението може да поднесе тужба до Управниот суд (во понатамошниот текст: УС) по електронски пат. (член 51 став (2)).

**III.8.** По тужба, УС решава во рок од 24 часа по приемот на тужба и одлуката веднаш му ја доставува на тужителот по електронски пат. (член 51 став (3)).

**III.9.** Правосилното решение на Управниот суд на Република Северна Македонија донесено по тужбата за запишување, промена и бришење е составен дел на потпишаниот Избирачки список од страна на ДИК. (член 51 став (4)).

**III.10.** ДИК **во рок од три дена** од денот на завршување на јавниот увид, избирачкиот список го доставува до политичките партии кои доставиле барање до

денот на завршување на јавниот увид. Политичките партии барањето го доставуваат по електронски пат (член 49-а став (1)), **најдоцна на 23 јули.**

**III.11.** Политичките партии во рок од пет дена од денот на приемот на избирачкиот список до ДИК доставуваат барање за запишување, дополнување или бришење на податоци (член 49-а став (2)), **најдоцна на 28 јули.**

**III.12.** ДИК по поднесеното барање одлучува со решение во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето, согласно Правилникот за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список (член 49-а став (3))

**III.13.** Против решението на ДИК, политичката партија може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на решението (член 49-а став (4))

**III.14.** Управниот суд е должен да одлучи во рок од 24 часа од денот на приемот на тужбата (член 49-а став (5)).

**III.15.** Министерството за внатрешни работи во рок од еден ден од завршувањето на јавниот увид **на (21 јули)** доставува, листа на државјани кои поднеле барање за издавање нова лична карта или патна исправа по било кој основ од денот на распишување на изборите до денот на завршување на јавниот увид и листа на лица кои ќе наполнат 18 години до денот на изборите. ДИК податоците за овие лица ги впишува во избирачкиот список по службена должност (член 43 став(7)).

**III.16.** Органот надлежен за извршување на санкциите, најдоцна 30 дена пред денот определен за избори доставува податоци за лицата кои се во притвор или се наоѓаат на издржување казна затвор врз основа на евиденцијата што ја води овој орган до ДИК. Податоците се доставуваат на магнетен медиум и задолжително го содржат единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ). (член 44), **најдоцна на 20 јули.**

**III.17.** Министерството за труд и социјална политика (во понатамошниот текст: МТСП), најдоцна 30 дена пред денот определен за избори, врз основа на сопствена евиденција и врз основа на доставените податоци од одговорните лица во установите за вонсемејно згрижување, до Државната изборна комисија доставуваат податоци за лицата кои се пријавиле за гласање во установи за вонсемејно згрижување (член 44 ст. (2), **најдоцна на 20 јули.**

**III.18.** Основните судови до Државната изборна комисија доставуваат податоци за лицата на кои со правосилна судска одлука им е целосно одземена деловната способност или делумно одземена деловна способност при што судот утврдил дека лицето нема способност да изрази правно релевантна волја на избори и податоци за лицата на кои им е изречена мерката притвор.

**III.19.** Избирачкиот список во кој се извршени сите промени кои произлегле од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи, ДИК го заклучува најдоцна 15 дена по завршениот јавен увид (член 52), **најдоцна на 4 август.**

**III.20.** ДИК го потпишува заклучениот Избирачки список, односно изводите од Избирачкиот список на кои се гласа, најдоцна 15 дена пред денот на одржувањето на изборите (член 31 ст. (2) т.31), **најдоцна на 5 август**.

## IV. ПРЕДЛАГАЊЕ НА ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ

**IV.1.** Потписите на избирачите во постапката на кандидирање се собираат пред службените лица на ДИК и пред надлежен нотар на образец утврден од ДИК. Подносителот на листа определува пред кои нотари ќе се собираат потписи и за тоа ја известува ДИК, која на својата интернет страна објавува листа на нотари пред кои подносителите на листа собираат потписи. Трошоците за собирање на потписи пред нотар ги сноси подносителот на листата. Собирањето потписи започнува **десетиот ден од денот на распишувањето на изборите и трае 15 дена**. Секој избирач својот потпис може да го даде за повеќе листи на кандидат за член на совет. Избирачите кои ја поднесуваат листата треба да имаат избирачко право и постојано живеалиште на подрачјето на општината (член 63).

| | |
|---|---|
| **Собирањето потписи започнува** | **30 јуни** |
| **Собирањето потписи трае до** | **14 јули до 24:00часот** |

**IV.2.** Кога подносител на листа на кандидат за член на совет е група избирачи, потребно е да се соберат (член 62):

- во Општина Тетово (од 50.001 до 100.000 жители) најмалку 350 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината,

**IV.3.** Листите на кандидати за членови на совет на општината, овластените претставници на предлагачите ги доставуваат до ОИК.

**Листите на кандидат/и се доставуваат најдоцна на 15 јули, до 24:00 часот- 35 дена пред денот на одржување на изборите (член 66 став (4)).**

**IV.4.** ОИК по приемот на листата на кандидати, утврдува дали истата е поднесена во утврдениот рок и составена во согласност со одредбите на Изборниот законик. ОИК проверува дали кандидатите за членови на совет ги исполнуваат условите предвидени во член 7 став 2, 3 и 4 од Изборниот законик, преку проверка на податоците во соодветните регистри и евиденции на надлежните институции. Институциите кои ги поседуваат податоците за исполнетост на условите се должни истите да ги достават во електронска форма на комисијата во рок од 24 часа од приемот на барањето без никаков надомест (член 67 ст. (3)).

**ОИК врши проверка на листите веднаш односно најдоцна во рок од 24 часа од приемот на листата.**

**ОИК доставува барање до институциите кои ги поседуваат податоците за исполнетост на условите веднаш односно најдоцна на 16 јули - 24 часа од приемот на листата.**

**Институциите кои ги поседуваат податоците за исполнетост на условите, податоците ги достават до ОИК, во електронска форма во рок од 24 часа од приемот на барањето.**

**IV.5.** Ако ОИК утврди дека листата е поднесена во определениот рок и е составена во согласност со одредбите на Изборниот законик, поднесената листа ќе ја потврди со решение **веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа.**

**IV.6.** Ако ОИК утврди дека во листата има одделни неправилности, ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата да ги отстрани неправилностите во рок од 48 часа од приемот на известувањето на комисијата за неправилностите (член 67 став (2)).

**IV.7.** Ако ОИК утврди дека констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листата ги отстраниле во законскиот рок, поднесената листа ќе ја потврди со решение (член 67 став(5)).

**IV.8.** Во случај на неправилности од членот 67 став (2) од Изборниот законик, подносителот на листата може да го замени предложениот кандидат што не ги исполнува условите со нов кандидат во истиот рок од 48 часа и за истиот е должен самиот да ги обезбеди доказите за исполнување на условите предвидени во член 7 став (2), (3) и (4) од Изборниот законик (член 67 ст. (4))

**IV.9.** Ако ОИК утврди дека листата е поднесена ненавремено, односно по истекот на рокот определен со овој роковник, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од 24 часа од приемот на листата (член 67 став(6)).

**IV.10.** Ако ОИК утврди дека констатираните неправилности или пропусти, подносителот на листата не ги отстранил во рокот од 48 часа, поднесената листа ќе ја отфрли со решение најдоцна во рок од 24 часа, сметајќи од истекот на рокот за отстранување на неправилностите (член 67 став(6)).

**IV.11**. ОИК по потврдување, листите на кандидат/и ги доставува до ДИК заради утврдување на редоследот во единствената листа на кандидат/и согласно член 68 ставовите (1) и (2) од Изборниот законик. (член 37 ст. (4) т.1 и 2, чл. 68 ст. (1) и (3) од Изборниот законик) **веднаш по потврдувањето на листите односно најдоцна на 22 јули.**

**IV.12.** Подносителите на листи или кандидатура можат преку своите овластени претставници да поднесат писмено барање за повлекување на листата односно кандидатурата во рок од 48 часа од донесување на решението за потврдување на конечните листи од согласно членот 67 став (5) од Изборниот законик. Кога се

работи за повлекување на кандидатската листа истата единствено може да се повлече во целост.

**IV.13.** Листа на кандидати за членови на совет која е поднесена од ист подносител добива ист реден број во сите општини. Редоследот на кандидати во листата на кандидати, ДИК го утврдува со ждрепка и тој број е ист во сите општини, а во општината каде нема да има свој претставник, соодветниот број на подносителот на листата ќе биде изоставен и на негово место ќе биде напишан редниот број на наредниот носител без оставање на празно место. Листите на кандидат/и предложени од коалиција предводена од една иста политичка партија, без разлика на бројот на политичките партии во коалицијата во различни општини имаат ист реден број.

ДИК во соработка со ОИК, за активностите што ќе ги превземе во согласност со Изборниот законик, задолжително претходно ги известува овластените претставници на подносителите на листите. (член 31 ст.2 т.5а, 68 став (4) и (5) и 69 од Изборниот законик)

**Најдоцна на 25 јули ДИК и ОИК ги известуваат овластените претставници за одржување на ждрепката.**

**Ждрепката за утврдување на единствена листа на кандидат/и ДИК ќе ја одржи најдоцна на 26 јули.**

**IV.14.** ОИК утврдената единствена листа на кандидат/и ќе ги огласи **најдоцна 23 дена пред денот определен за одржување на изборите** во сите населени места и на избирачките места во општината. Утврдените листи на кандидат/и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се објавуваат покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа општина. (член 69 став (4), (5) и (6))**најдоцна на 27 јули, до 24:00 часот.**

**IV.15**. ДИК утврдените единствени листи на кандидат/и ќе ги објави на својата интернет страна **најдоцна 23 дена пред денот определен за одржување на изборите** (член 69 став (2))**најдоцна на 27 јули.**

**IV.16.** Ако некој од кандидатите кои се предложени на потврдената кандидатска листа за избор на член на совет на општината умре во периодот од денот на потврдувањето на кандидатските листи, политичката партија односно коалицијата, кои го предложиле тој кандидат, можат на местото на истиот да предложат друг кандидат, а ако е предложен од страна на група на избирачи може наместо него да предложат друг кандидат без собирање на потписи во постапката за кандидирање утврдена со Изборниот законик, **најдоцна до 10 дена пред денот на одржувањето на изборите** (член 67-б став (1)) – **најдоцна на 9 август – 24:00 часот.**

**IV.17.** Кандидатската листа за избор на членови на совет на општината заменета со нов кандидат, се објавува на начин утврден со Изборниот законик за објавување на единствената листа **во рок од 24 часа од денот на извршената измена на кандидатот на кандидатската листа**(член 67-б став 2).

**IV.18.** Ако некој од потврдените кандидати на кандидатските листи за избор на членови на совет на општината, умре во период пократок од 10 дена пред одржувањето на изборите, замената на кандидатот на кандидатската листа ќе се изврши во постапка пропишана во член 67-б ставовите 1 и 2 од Изборниот законик, а надлежната изборна комисија  во соработка со ДИК ќе определи поместување на датумот на одржувањето на изборите за таа општина за 14 дена. (член 67-б став (3)).

**IV.19.** Секој подносител на листа на кандидатите за избор на членови на совет, има право да определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата во изборните органи (ДИК, ОИК и ИО) од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на резултатите. За овластен претставник и негов заменик пред изборните органи, не може да биде лице утврдено за кандидат (член 22 став (1) и (3)).

**IV.20.** Подносителот на листата на претставникот му издава овластување и за тоа ги известува изборните органи **најдоцна два дена пред денот на изборите** (член 22 став 4), **најдоцна на 17 август – до 24:00 часот.**

**IV.21.** Од денот на донесување на одлуката за распишување на избори, политичките партии учесници во изборниот процес, потпишуваат Кодекс за фер и демократски избори. **Датумот на потпишувањето го определува ОИК, а потпишувањето ќе се одржи пред почетокот на изборната кампања најдоцна до 30 јули.** Со Кодексот, учесниците во изборниот процес недвосмислено се обврзуваат дека нема да вршат никаков притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација, во други институции или установи финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, како и во трговски друштва и претпријатија со државен капитал. Со Кодексот учесниците во изборниот процес, исто така, недвосмислено се обврзуваат дека ниедно вработено лице или граѓанин нема да биде предмет на било каква закана по однос на своето вработување и социјална сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат.(член 8-в) согласно планот и програмата на ДИК.

## V. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЕДУКАЦИЈА НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

**V.1.** ДИК врши задолжителна едукација на членовите на ОИК и им издава уверенија на начин и во рокови пропишани со програмата. (член 31 став 2 точка 7) **согласно планот и програмата на ДИК.**

**V.2.** ОИК врши, ја организира и спроведува едукацијата на членовите на ИО според планот и програмата на ДИК и им издава уверенија за завршена обука (член 37 став 2 точка 5).

**V.3.** Кампањите на ДІК за едукација на гласачите за остварување на избирачкото право и за фер и демократски избори не се сметаат за платено политичко рекламирање. Од денот на распишување на изборите се до денот на завршување на гласањето, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) чии финансиски средства за платено политичко рекламирање се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, задолжително емитуваат односно објавуваат без надомест информативни и едукативни кампањи на ДИК за граѓаните поврзани со изборниот процес користејќи пристапен и достапен формат и јазик како и на знаковен јазик во траење од 30 секунди на секои 3 часа. Тие треба да бидат издвоени од другиот дел од програмата како бесплатно емитување и нивниот нарачател да биде јасно означен.

## VI. ИЗБОРНА КАМПАЊА

**VI.1.** Заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи односно лица кои имаат намера да се кандидираат, пред надлежниот орган задолжително обезбедуваат ЕДБ со назнака „за изборна кампања" и кај носител на платен промет во Република Северна Македонија отвораат трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања" и истите не може да се користат за друга намена. **Субјектите се должни да обезбедат ЕДБ и да отворат трансакциска сметка најдоцна 48 часа по потврдување на листата на кандидат/и, а најрано 48 часа по распишување на изборите и во тој рок од 48 часа доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциска сметка се доставува до надлежната ОИК.**
**Трансакциска сметка се затвора во рок од 45 дена од денот на објавувањето на конечните изборни резултати од одржаните избори**(член 71 ставови (1), (2) и (11)) .

**VI.2.** Во случај на неподнесување, односно непотврдување на листата на кандидати, субјектите од член 71 став (1) кои обезбедиле ЕДБ и отвориле трансакциска сметка должни се непотрошените донации да ги вратат на давателите на донацијата сразмерно на донираниот износ **во рок од 15 дена и се должни веднаш да ја затворат трансакциската сметка.**

**VI.3.** Ако политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи односно лицата кои имаат намера да се кандидираат не обезбедат ЕДБ и не отворат трансакциска сметка во предвидените рокови, потврдената листа на кандидат се отфрла со решение на надлежната ОИК (член 71 став 4) **веднаш а најдоцна во рок од 24 часа.**

**VI.4.** За изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во изборната кампања, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми. <u>Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите.</u>

| | |
|---|---|
| **Изборна кампања за гласање** | **Започнува на 31 јули во 00:00 часот и трае до 24:00 часот на 18 август** |

**VI.5.** Подносителите на листи на кандидат можат да поднесат приговор за непочитување на одредбите за изборната кампања (Член 69-а). ДИК е должна да ги испита наводите, да постапи по поднесениот приговор и да ја образложи својата одлука во рок од 72 часа од денот на поднесувањето на приговорот. Против одлуката на ДИК, подносителот на приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 48 часа од приемот на одлуката. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 72 часа по приемот на тужбата.

**ДИК одлучува по поднесен приговор најдоцна во рок од 72 часа од денот на поднесувањето.**

**Против одлуката на ДИК се поднесува тужба до Управен суд во рок од 48 часа од приемот на одлуката.**

**Управниот суд одлучува во рок од 72 часа од приемот на тужбата.**

**VI.6.** Радиодифузерите се должни да го снимаат излезниот сигнал на својата програма од денот на распишување на изборите до нивното завршување, а снимките од целокупната програма да ги чуваат најмалку 30 дена по завршување на изборите.

На барање од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), радиодифузерите се должни најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето, на Агенцијата да му достават снимки од бараната емитувана програма, како и други податоци поврзани со медиумското покривање на изборите. (член 75-г став 1 и 2)

**VI.7.** Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), доколку обезбедуваат платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, **се должни во рок од три дена од денот на распишување на изборите**, да се регистрираат во ДИК. Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) што нема да се регистрираат во ДИК, нема да имаат право да користат финансиски средства за платено политичко рекламирање, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија.

Радиодифузерите и печатените медиуми што нема да се регистрираат, нема да имаат право да користат финансиски средства за платено политичко рекламирање, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија.

Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) се води врз основа на поднесено барање за упис до ДИК, со

прилог тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 30 дена. (член 75-ѓ ст. (6) и (7))

**Барањата за упис со прилог тековна состојба се поднесуваат електронски на следната електронска адреса** : izbori@sec.mk **или во архивата на ДИК на бул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје, најдоцна на 24 јуни, 24:00 часот.**

**VI.8.** Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) **се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите** да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

Ценовниците не смеат да се менуваат до конечно завршување на изборниот процес.

Печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни ценовниците да ги достават до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите, а радиодифузерите да ги достават до АВМУ, ДИК, ДЗР и ДКСК **во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите**. (член 75-ѓ ст. (3), (5), (8) и (9)). **најдоцна на 26 јуни, 24:00 часот(во рок од 5 дена од денот на распишувањето на изборите).**

**VI.9.** Државната изборна комисија е должна да ги потврди и објави на нејзината веб страна доставените ценовници со просечно пресметаните цени утврдени од радиодифузерите и печатените медиуми, како и да ги објави ценовниците со цените утврдени од електронските медиуми (интернет порталите), согласно член 75-ѓ став (3) и (9) од ИЗ, **во рок од 10 дена од истекот на рокот за доставување на ценовниците** утврдени во ставот (3) на овој член.

Доколку Државната изборна комисија утврди неправилности во ценовниците од радиодифузерите и печатените медиуми го известува соодветниот медиум да изврши корекција на ценовникот во рок од 72 часа од приемот на известувањето.

Радиодифузерите и печатените медиуми кои што нема да постапат по известувањето за корекција на ценовниците во наведениот рок го губат правото да бидат регистрирани за платено политичко рекламирање.

**VI.10.** Во периодот од утврдување на ценовниците до започнување на изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни најмалку двапати јавно да ги објават ценовниците на своите програми, односно во своите изданија или интернет страници. (член 75-ѓ став (4))

**VI.11. Учесникот во изборната кампања не може да нарача платено политичко рекламирање од радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (интернет портали) кои не се регистрирани во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет**

**портали) кој го води ДИК и да ги исплати од средства на трансакциската сметка за изборна кампања.**

**VI.12.** АВМУ е должна од денот на распишување на изборите да доставува седмични извештаи до ДИК, а за време на изборната кампања дневни извештаи и истите ги објавува на веб страната на Агенцијата. (член 76-в став (1) и (2))

**VI.13.** За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија.

Државната изборна комисија ги исплаќа трошоците за објавеното платено политичко рекламирање врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) **во рок од 30 дена од објавување на конечните резултати**.

Прилог на доставената фактура е Договорот, медиа план од учесникот во изборната кампања и Извештај за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) (член 76-д ст. (1) и (3)).

Медиа планот и Извештајот за реализирани услуги се поднесуваат на обрасци пропишани, донесени и објавени од Државната изборна комисија.

**VI.14.** Пред исплатата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање, ААВМУ е должна да достави Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите до ДИК **на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк за изборната кампања** (член 76-д ст. (8)).

**VI.15.** Радиодифузерите се должни Извештајот за реализирани услуги да го достават до АВМУ **во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк за изборната кампања (23 август) доколку се одржува.**
Извештајот за реализирани услуги на радиодифузерите треба да биде потврден од АВМУ **во рок од 5 дена од денот на доставување на извештајот од страна на радиодифузерите**.

Радиодифузерите, се должни да го достават потврдениот извештај до Учесникот во изборната кампања, а потоа целосната документација до ДИК **во рок од 5 дена од денот на потврдување на Извештајот**(член 76-д ст. (9)).

**VI.16.** Печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), извештајот за реализирани услуги во прилог на фактурата кој треба да содржи и примерок од објави во печатениот медиум и електронскиот медиум (интернет портал) се должни да го достават до учесникот во изборната кампања, а потоа целосната документација до ДИК **во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк (23 август, 24:00 часот)** (член 76-д ст. (10)).

**VI.17.** Општините и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни **во рок од 5 дена од денот на распишување на изборите** јавно да ги објават локациите и цените за закуп на рекламните паноа и билборди. Цената не смее да се менува за време на изборниот процес и истата не смее да биде поголема од просечната цена за закуп пресметана во последните пет изминати изборни циклуси. (член 78-а став (3)), **на 25 јуни - 5 дена од денот на распишувањето на изборите.**

**VI.18.** Општините и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни локациите кои се нудат за политичко рекламирање да ги распоредат согласно критериумите од член 78-а став 3 од Изборниот законик, по пат на ждрепка. Ждрепката ја спроведува ДИК (член 78-а став (5) и (6)). **ДИК ја спроведува ждрепката најдоцна на 26 јули.**

**VI.19.** Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес **се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите,најдоцна на 14 август до 24:00 часот** (член 77 став (1)).

**VI.20.** Општините се должни да ги објават условите за добивање право за користење на местата за истакнување изборни плакати, **најдоцна 50 дена пред одржувањето на изборите, најдоцна на 30 јуни, 24:00 часот** (член 78 став (5)).

## VII. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**VII.1.** Учесникот во изборната кампања е должен во рок од **20 дена од денот на настапување на предизборниот молк (7 септември)**, да поднесе извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања од денот на нејзиното отворање до завршувањето на гласањето.(член 84-б став (1)).

**VII.2.** Учесникот во изборната кампања е должен **на 11-тиот ден од денот на изборната кампања (10 август, 24:00 часот)**, да поднесе Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка од член 71, став (1) од Изборниот законик за финансирање на изборната кампања (член 84-б став (2)).

**VII.3.** Учесникот во изборната кампања е должен **еден ден по завршување на изборната кампања <u>(19 август)</u>** да достави Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка од член 71, став (1) од Изборниот законик за финансирање на изборната кампања.

Извештаите се поднесуваат на образец пропишан од министерот за финансии. Извештаите се поднесуваат до ДИК, ДЗР и до ДКСК, кои се должни да ги објават на своите веб страници. Извештаите кои што политичките субјекти ги доставуваат се должни да ги објават и на своите веб страници.

Финансиските извештаи на учесникот во изборната кампања е должен да ги изготви според одредбите на Законот за сметководството за непрофитни организации. (член 84-б став 3, 6 и 7)

**VII.4.** Учесникот во изборната кампања е должен **веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на затворање на трансакциската сметка** да поднесе вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања.

Финансискиот извештај се поднесуваат на образец пропишан од министерот за финансии.

извештај се поднесува до ДИК, ДЗР, ДКСК, Собранието на Република Северна Македонија и до Советот на општината. Финансискиот извештај, ДИК, ДЗР, ДКСК, Собранието на Република Северна Македонија и Советот на општината јавно ги објавуваат на своите веб страни.

Државниот завод за ревизија **во рок од 60 дена од денот на поднесување на извештајот** е должен да спроведе ревизија. (член 85)

**VII.5.** Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) во Република Северна Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа. Извештајот се поднесува **најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања (2 септември, 24:00 часот)** до Министерството за финансии (МФ), ДИК, ДЗР и до ДКСК, кои се должни да го објават на своите интернет страници. Извештајот се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии. (член 85-а).

## VIII. ОПИСИ НА ИЗБИРАЧКИ МЕСТА

**VIII.1.** ДИК најдоцна **30 дена пред денот определен за избори** ќе ги објави описите на избирачките места по општини утврдени со Изборниот законик (член 177), **најдоцна на 20 јули.**

**VIII.2.** Промена на описот на избирачкото место се врши при промена на имињата за улиците, односно куќните броеви и доколку се зголемува бројот на избирачите или просторната оддалеченост за определено избирачко место. ДИК донесува решение со кое ја утврдува промената на описот на избирачкото место. Промена на описите на избирачките места може да се врши **најдоцна 30 дена пред денот определен за изборите** (член 169), **најдоцна на 20 јули.**

**VIII.3.** ОИК, **најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на изборите** ќе ги истакне на видно место објавените описи на избирачките места кои се определени за гласање со назначување од кое подрачје избирачите ќе гласаат на одделно избирачко место. Објавувањето на описите на избирачките места може да се

врши и преку локалните средства за јавно информирање (член 170 став 1 и 2), **најдоцна на 4 август.**

## IX. НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**IX.1.** Организациите и лицата од член 161 од Изборниот законик доставуваат барање за набљудување до ДИК од денот на распишувањето на изборите а **најдоцна 10 дена пред денот на гласањето, во периодот од 21 јуни до 9 август, 24:00 часот**(член 162 став (2)).

**IX.2.** ДИК им издава овластувања на набљудувачите **најдоцна седум дена по приемот на барањето** (член 162 став (3)).

## X. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**X.1.** Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице) а сака да гласа за тоа ќе ја извести ОИК **најдоцна 7 дена пред денот определен за гласање, 12 август, 24:00 часот** (член 111 став (1)).

**X.2.** Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат во домашен карантин и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација, а сакаат да гласаат за тоа ќе ја известат Општинската изборна комисија **најдоцна пет дена пред денот определен за гласање, на 14 август до 24:00 часот** (член 111-б став (1) )**.**

Општинската изборна комисија по службена должност прибира податоци од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за лица кои се пријавени за гласање согласно со член 111-б став (1) од Изборниот законик. Државниот санитарен и здравствен инспекторат е должен **во рок од 24 часа од добиеното барање** да ги достави до општинската изборна комисија податоците за лицата пријавени за гласање согласно член 111-б став (1). (член 111-б став (3) ).

**X.3.** Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување мерка куќен притвор, а кои сакаат да гласат, преку овластен полномошник ќе ја известат ОИК **најдоцна 3 дена пред денот определен за гласање, 16 август, 24:00 часот** (член 113 став (3)).

**X.4.** ДИК изборниот материјал го предава на ОИК **најдоцна во рок од 72 часа пред денот определен за одржување на изборите**(член 91 став (1))**.**

**X.5.** ОИК е должна **еден ден пред денот определен за одржување на изборите** да го предаде изборниот материјал на ИО. (член 92 став 1 и Упатството на ДИК).

**X.6.** Немоќните или болни лица гласаат во нивните домови еден ден пред денот определен за одржување на изборите**. Ова гласање го спроведува избирачкиот**

**одбор надлежен за спроведување на гласањето за избирачкото место каде припаѓаат овие лица, на 19 август.**

**X.7.** Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат во домашен карантин и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација, гласаат во нивните домови еден ден пред денот определен за одржување на изборите. **Ова гласање го спроведува посебен избирачки одбор надлежен за спроведување на гласањето за избирачкото место каде припаѓаат овие лица, на 19 август.**

**X.8.** Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување на казна затвор или се во притвор, гласаат во казнено – поправните домови **еден ден пред одржувањето на изборите**, **на 19 август** (член 113 ставови (1) и (4)).

**X.9.** Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување мерка куќен притвор гласаат во местото каде ја издржува мерката куќен притвор, **еден ден пред денот на одржувањето на изборите, на 19 август** (член 113 ставови (1), (4) и (5)).

**X.10.** Лицата со статус внатрешно раселени лица гласаат во колективните домови и прифатните центри каде што се сместени **еден ден пред денот определен за одржување на изборите, на 19 август** (член 194 став (3) во врска со член 113 став (4)).

**X.11.** Избирачите кои на денот на гласањето се згрижени во посебни установи за вонсемејна грижа гласаат во установата каде што се згрижени, **еден ден пред денот определен за одржување на изборите**, по претходна пријава до одговорното лице на установата каде се згрижени. **Ова гласање го спроведува избирачкиот одбор на чија територија се наоѓа установи за вонсемејна грижа, на 19 август.**

**X.12. Гласањето започнува во 07:00 часот и трае непрекинато до 19:00 часот на денот определен за одржување на изборите.**

**X.13.** Во 19:00 часот на денот на гласањето гласачките места се затвораат. На избирачите затекнати во објектот каде што се гласа им се овозможува да гласаат.

Гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список, може да се затвори и пред 19:00 часот, по претходна согласност од надлежната ОИК, но не отпочнува со броење на гласовите пред 19:00 часот.

**X.14.** Записниците и другиот изборен материјал, ИО ги доставува до ОИК во рок од 5 часа по завршувањето на гласањето. Изборниот материјал до ОИК го доставува претседателот на ИО во придружба на заинтересирани членови на ИО или претставници на подносителите на листите и претставници од полицијата, ако за тоа има потреба (член 118 став (1) и (4))

**X.15.** ДИК првичните резултати од изборите добиени по електронски пат ги објавува сукцесивно, а резултатите врз основа на податоците од записниците од ОИК во рок од 12 часа по завршувањето на изборите (член 135 став (1))

**X.16.** ОИК првичните резултати од изборите ги објавува во рок од 7 часа по завршувањето на изборите врз основа на податоците од ИО и ги истакнува на огласна табла во општината и ги соопштува на јавните гласила (член 136 став (1))

**X.17.** ДИК конечните резултати од изборите ги објавува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од денот на нивната конечност. Конечните резултати од изборите, ДИК ги објавува за секоја општина поодделно (член 135 став (2)).

**X.18.** Конечните резултати од изборите, ОИК ги објавува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од денот на нивната конечност (член 136 став (3)).

## XI. ЕВЕНТУАЛНО ПРЕГЛАСУВАЊЕ

**XII.1.** ДИК со решение ќе го повтори гласањето на гласачките места на кои го поништила гласањето, само ако вкупниот број на запишани избирачи на тие избирачки места на ниво на општината, влијае врз вкупните резултати. Гласањето на овие гласачки места ќе се повтори по 14 дена од денот на гласањето (член 151 ст. (3) и (8)).

**XII.2. При спроведување на евентуално прегласување, соодветно се применуваат роковите од глава X од овој Роковник.**

## XII. ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

**XIII.1.** Против решението на ДИК, може да се поднесе тужба до Управниот суд (во понатамошниот текст: УС), во рок од 24 часа од приемот на решението. УС е должен да донесе одлука во рок од 24 часа од приемот на тужбата. Доставување на приговор и тужба по пошта не е дозволено. (член 67 став (5), (6), (7), (8), (10))

**XIII.2.** Постапката за заштита на избирачкото право е итна. Поднесоците (приговорите и жалбите) за заштита на избирачкото право се доставуваат до надлежните органи преку органите кои претходно одлучувале. Приговорите се поднесуваат во писмена форма и содржат: место, време, опис на направената повреда, сторителот и доказите на кои подносителот се повикува; име, презиме и потпис на подносителот на приговорот, односно на овластениот претставник и електронско сандаче за прием на писмена. Приговорите можат да се поднесуваат и на посебни обрасци, пропишани од страна на ДИК, објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на интернет страницата на ДИК. (член 147 ст. (1), (2), (3) и (6)).

**XIII.3.** Доставувањето на приговор и тужба по пошта не е дозволено. Доставувањето на одлуките на ДИК донесени по приговорите за заштита на избирачки права се врши со јавна објава преку интернет страната на ДИК, а објавата ги содржи: времето на објавата, називот на јавниот орган, името/називот на странката, адреса на живеалиштето/седиште на подносителот на листа, бројот на предметот, краток приказ на основата на предметот и поука за правен лек. Доколку поинаку не е уредено со Изборниот законик, одлуката се смета доставена во рок од 5 часа по нејзиното објавување на интернет страната на ДИК. Објавата содржи поука за странката и сите други лица кои имаат правен интерес, дека таквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици сами ги сносат. (член 147 ст. (4) и (5)).

**XIII.4.** Доколку во постапката за одлучување по приговор се утврди или дознае за друга повреда на избирачко право на избирач или повреда на избирачко право на подносител на листа, ДИК може да поведе постапка за заштита на избирачко право по службена должност. ДИК донесува одлука за поведување постапка за заштита на избирачко право по службена должност на предлог на член на Комисијата, во кој дава образложение на основот и наводите за водење на постапката (член 147 ст. (8) и (9)).

**XIII.5.** Државната изборна комисија, на барање на член на комисијата задолжително врши увид во целокупниот избирачки материјал во Избирачкото место каде што гласањето се спровело на начин предвиден во членот 108-а став (6) од Изборниот законик, само доколку на тој начин гласале: 5% од запишаните избирачи во избирачкиот список во Избирачките места до 200 гласачи, 3% од запишаните избирачи во избирачкиот список во Избирачките места од 201 до 500 гласачи и 2% од запишаните избирачи во избирачкиот список во Избирачките места над 500 гласачи.

За гласачите кои гласале на начин предвиден во членот 108-а став (6) од Законикот и чиј што број го надминува процентот предвиден во член 147 став (10) од Изборниот законик, Државната изборна комисија на барање на член на комисијата, задолжително врши споредување на нивните отпечатоци од прсти со отпечатоците од прсти на сите останати гласачи кои гласале на начин предвиден во член 108-а став (6) од Законикот и со отпечатоците од прсти на останатите гласачи во електронскиот избирачки список на ниво на државата. Споредувањето на отпечатоците од прсти предвидено во став (11) на овој член, Државната изборна комисија го врши со прибавување на посебен извештај од техничката опрема (член 147 ст. (10), (11) и (12)).

**XIII.6.** Одлуките на Управниот суд се правосилни и против нив не може да се изјави жалба или друг вид на правна заштита, освен во случаи определени со овој Законик (член 147 ст. (13)).

**XIII.7.** ДИК по поднесени приговори одлучува со решение со кое приговорот може да го отфрли, одбие или усвои. Решението со кое се одлучува мора да биде образложено по однос на сите наводи од приговорот.

**XIII.8.** Приговорот се отфрла доколку е ненавремен, недозволен, неуредно поднесен, поднесен од неовластен подносител.

**XIII.9.** Решението со кое приговорот се отфрла се носи во рок од 24 часа.

**XIII.10.** Секој подносител на листа на кандидати во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето може да поднесе приговор до ДИК. Приговорот на постапката за гласање се поднесува во рок од 48 часа по завршувањето на гласањето, а приговорот на постапката за сумирање и утврдување на резултатите се поднесува во рок од 48 часа од објавување на првичните резултати.

**XIII.11.** ДИК е должна да ги утврди фактите и околностите што се од значење за одлучување по приговорот доколку тоа може да го направи по потреба и преку изведување докази како што се: исправи, сведочења на сведоци, изјави на странките, вештачење, увид во гласачкиот материјал и други докази. ДИК е должна во рок од 72 часа по приемот на приговорот да донесе одлука. Одлуката од ставот (3) на овој член се доставуваат во електронско сандаче за прием на писмена и одлуката се смета за доставена во рок од пет часа од доставувањето во електронското сандаче. Против одлуката на ДИК, подносителот на приговорот по кој одлучувала ДИК може да поднесе тужба до УС во рок од 24 часа од приемот на решението. Тужбата до УС подносителот ја заснова на основот и врз наводите истакнати во приговорот по кој е донесена првостепената одлука.

**XIII.12.** Секој избирач на кого му е повредено личното избирачко право во постапката на спроведување на гласањето може да поднесе приговор до ОИК во рок од 12 часа.

Секој избирач на кого му е повредено личното избирачко право во постапката за спроведување на гласањето во странство може да поднесе приговор до ДИК во рок од 24 часа преку електронска пошта, лично или преку овластен претставник согласно член 147 став (7) од Изборниот законик.

Првостепениот орган е должен во рок од 2 часа по приемот на приговорот да донесе одлука.

Против одлуката на првостепениот орган, односно ДИК може да се поднесе тужба до Управниот Суд, во рок од 12 часа по приемот на решението.

Управниот суд е должен да постапи по тужба во рок од 2 часа по нејзиниот прием.

**XIII.13.** Секој избирач на кого му е повредено лично избирачкото право во секоја фаза од изборниот процес, може да поднесе приговор до ДИК, непосредно или преку ОИК, во рок од 48 часа.

Секој избирач на кого му е повредено лично избирачкото право во странство во секоја фаза на изборниот процес, може да поднесе приговор до ДИК во рок од 48 часа од денот на повредата, по електронска или брза пошта, а времето на поднесување на приговорот се смета од времето на предавањето на пратката.

Првостепениот орган е должен во рок од 4 часа по приемот на приговорот да донесе одлука.

Против одлуката на ДИК може да се поднесе тужба до УС, во рок од 48 часа по приемот на решението.

**XIII.14.** УС по тужбите од членовите 148, 149 и 149-а на Изборниот законик, расправа и одлучува во совет од петмина судии избрани по пат на ждрепка, на јавна седница за која ја информира јавноста и овластените претставници по чии тужби се одлучува.

УС е должен да донесе одлука во роковите предвидени со Изборниот законик по приемот на тужбата. По завршувањето на јавната расправа УС е должен во рок од 2 часа јавно да ја соопшти изреката на одлуката. Судот е должен да ја објави одлуката на својата веб страница во рок од 24 часа од моментот на објавувањето на изреката. Објавените одлуки ќе го содржат и начинот на гласање на секој судија поединечно.

**XIII.15.** УС може да ја потврди или преиначи одлуката. Одлуките по приговор и тужбата со самото донесување се објавуваат на интернет страницата на УС, ДИК, градската изборна комисија и општинската изборна комисија и на друг соодветен начин.

**XIII.16.** ДИК по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во случаите од член 151 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од Изборниот законик. ДИК во случаите од членот 151 ст. (2) алинеи 1, 2, 5, 6 и 7 од Законикот, при одлучување по приговори ако фактите на кои се упатува во нив се внесени во записникот, е должна да изврши увид во целокупниот изборен материјал.

ДИК со решение ќе го повтори гласањето на гласачките места каде што гласањето е поништено, само ако вкупниот број на запишани избирачи на тие избирачки места на ниво на изборна единица, град, односно општина влијае врз вкупните резултати.

Против решението од член 151 ставови (1) и (2) може, во рок од 24 часа од приемот на решението, да се поднесе тужба до УС преку ДИК. Одлуката на ДИК со која е поништено гласање на гласачко место се објавува на интернет страната на ДИК и веднаш се доставува до секој подносител на листа на изборите.

Против одлуката на ДИК со која е поништено гласање на гласачко место, тужба до УС може да поднесе секој подносител на листа кој има правен интерес во рок од 24 од приемот на решението. УС е должен да постапи по тужба во рок од 72 часа по нејзиниот прием. Гласањето на гласачкото место кое е поништено ќе се повтори по 14 дена од денот на гласањето. (член 151).

**XIII.17.** Во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбите од членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, ДКСК е должна на јавна седница да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор во рок не подолг од пет дена од денот на поднесувањето на приговорот. ДКСК одлучува по приговорите од член 74 ст. 1 од Изборниот законик на јавна седница и своите одлуки во рок од 24 часа ги објавува на својата веб страница. На седницата може да присуствува и подносителот на приговорот. Против одлуката на ДКСК подносителот на приговорот има право на тужба до УС во рок од 24 часа од приемот на одлуката. УС е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата. (член 74)

**XIII.18.** Во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбите за финансирање на изборната кампања од овој законик, ДКСК е должна да ги испита наводите и да одлучи по поднесениот приговор во рок од 5 дена по поднесување на приговорот. ДКСК приговорот го доставува до лицето против кое е поднесен, во рок од 24 часа од приемот на приговорот. Против одлуката на ДИК, дозволена е тужба до УС во рок од 24 часа од приемот на одлуката. УС е должен да донесе одлука во рок од 48 часа по приемот на тужбата (член 74-а).

## XIII. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**XIV.1.** При спроведување на изборите, Собранието, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за труд и социјална политика, Државниот завод за статистика и Службата за општи и заеднички работи на Владата и нивните подрачни единици како и општините, се должни на органите за спроведување на изборите да им обезбедат технички, просторни и други услови за работа. За вршење на работите од ставот (1) на овој член, на органите им се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Македонија. (член 25)

**XIV.2.** ДИК, ДЗР и ДКСК склучуваат Меморандум за соработка во врска со спроведувањето на одредбите за финансирањето на изборната кампања за размена на информации за утврдени неправилности во врска со доставените финансиски извештаи и мерките превземени од нивна страна спрема субјектот кој е предмет на надзор (член 85 став 8) .

## XIV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**XV.** Овој Роковник стапува во сила со денот на неговото донесување и веднаш се објавува на интернет страницата на Државната изборна комисија: http://www.sec.mk.

**Број 11-1460/1**
**21.06. 2022 година**
**СКОПЈЕ**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ / NËNKRYETARE**
**Ditmire Shehu**